Врз основа на член 29 и 34 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18) и член 6 став 2 точка 1 од Законот за прогласување на локалитетот Парк-шума Гази Баба за парк на природа ("Службен весник на РМ" бр.44/15 ), по барање на ЈП „Водовод и канализација" - Скопје, за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување ( корнење и повторно садење ) на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 10 дрва (јасени, јавори и багреми) и расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација, во Парк Шума Гази Баба (од Парк на ул. Душан Тасковиќ во правец према Ремедика) – Скопје.
2. Пресадувањето на дрвата и расчистувањето на самоникнатата нискостеблеста вегетација ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 10 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Активностите наведени во точка 1 од ова решение треба да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" -Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје, ул. "Лазар Личеноски" бр. 9 - Скопје, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.14-3341/1 од 31.03.2023 година, за отстранување на дрвата и расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација која се наоѓа во Парк Шума Гази Баба (од Парк на ул. Душан Тасковиќ во правец према Ремедика) – Скопје.
Службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. На увидот учествуваше и претставникот од ЈП „Водовод и канализација" – Скопје. Утврдено е дека дрвата предмет на барањето, претставуваат пречка за санирање на водоводниот дефект кој е потребно да се санира од причина штго за истиот имаат потреба голем број на граѓани.
Зеленилото, предмет на ова решение се наоѓа во Парк-шума Гази-Баба, шума за која е донесен посебен закон односно закон што важи исклучиво за овој локалитет, а тоа е Законот за прогласување на локалитетот Парк-шума Гази Баба за парк на природа ("Службен весник на РМ" бр.44/15 ).
Во член 6 став 1 од наведениот закон стои дека градот Скопје е должен да ја чува, да се грижи и одржува парк-шумата во состојба што одговара на нејзиното значење и функција.
Во член 6 став 2 точка 1 од наведениот закон стои дека градот Скопје е должен да ги презема сите пропишани заштитни мерки за: создавање услови и преземање мерки за заштита на парк-шумата, со трајно одржлив шумски екосистем.
Во член 34 став 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) стои дека корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни зелени површини може да се врши ако пречат на подземни или надземни инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, во парк шума Гази Баба и дека во случајот постои дефект кој единствено може да се отстрани доколку се отстранат дрвата . Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на

зеленилото како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, како и одредбите од Законот за прогласување на локалитетот Парк-шума Гази Баба за парк на природата, овој орган има одлучено да се врши пресадување на дрвата ( корнење и повторно садење ) од страна на ЈП Паркови и зеленило, односно расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација.

Бидејќи во случајот не се врши сечење на дрвата, не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензациско садење.

Поради се горе наведеното овој орган има одлучено како во диспозитивот.

Број **14-3341/1/2**
**18.04.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје и Архива

изготвил:
____________________
**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**
____________________

Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
____________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
____________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**
____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , а во врска со барањето на ЈП „Водовод и канализација" – Скопје, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр 14-3341/1/2 од 18.04. 2023 год. донесено од градоначалникот на град Скопје.
2.Решението бр.14-3341/1/2 од 18.04. 2023 год. донесено од градоначалникот на град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барањето на ЈП „Водовод и канализација" - Скопје овој орган има донесено решение со кое се дозволува пресадување ( корнење и повторно садење ) на 10 дрва (јасени, јавори и багреми) и расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација на урбано зеленило ( јавно зеленило ), која се наоѓа во Парк Шума Гази Баба (од Парк на ул. Душан Тасковиќ во правец према Ремедика) – Скопје.
Во барањето е наведено дека постои потреба од итна интервенција врз предметното зеленило бидејќи постои потреба од санирање на водоводниот дефект кој е потребно да се санира од причина што дефектот го загрозува снабдувањето на граѓаните со вода.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека со реализација на решението значително ќе се овозможи убрзување на отстранување на водоводниот дефект, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот,

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-3341/1/3**
**18.04.2023** година
Скопје
**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изготвил
**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје

**Зоран Глигоров**